# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022

Платформа за истражувачко новинарство и анализи

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ:

*НЕЗАВИСНИ НОВИНАРИ ЗА РАЗВОЈ НА ПРОФЕСИОНАЛНА МЕДИУМСКА СРЕДИНА*

Организацијата ПИНА продолжи со спроведување на проектот „**Независни новинари за развој на професионална медиумска средина“** поддржан од фондацијата Civil Rights Defenders кој започна во јули 2021 година.

Преку проектот чија цел е развој на професионална медиумска средина, со поддршка и менторство на млади новинари, но и изработка на важни теми за граѓанското општество, беа напишани многубројни текстови чиј главен фокус беа човековите права.

Оттука, младите новинари пишуваа за теми поврзани со медиумските слободи, дискриминацијата, родовата еднаквост, семејното насилство, предизвиците на маргинализираните заедници, на лицата со попреченост, но и проблемите со кои се соочуваат студентите.



Во продолжение се само дел од сториите кои ги изработија младите новинари како дел од менторската програма на ПИНА поддржана од Цивил Рајтс Дефендерс:

1. Родовата перспектива во спортот клучна за еднакви „услови за игра“
2. Слепите и лицата со оштетен вид бараат услови за посамостоен и подобар живот
3. Уште многу работа за подобрување на работничките права на новинарите
4. Голем број новинарки соочени со онлајн вознемирување, се бара институционална проактивност
5. Грижата за сексуалното и репродуктивно здравје се води со редовни контроли
6. Патот до избирачкото место „поплочен“ со дискриминација за лицата со попреченост
7. Најголем дел од студентите не знаат каде да пријават сексуално вознемирување
8. Кратењето на буџетот за превенција од ХИВ го „затвори“ дневниот центар во Шуто Оризари
9. Присуството на спортистките на ТВ и жените во спортските редакции останува предизвик
10. Пријави за говор на омраза има, ама казните се ретки
11. Голем број жени сè уште економски зависни од други
12. Бесплатната правна помош од голема важност за жените жртви на семејно насилство
13. Студентите не пријавуваат дискриминација бидејќи сметаат дека тоа ништо нема да промени
14. Дискриминаторскиот говор на Интернет честа појава и предвесник на говорот на омраза
15. Младинскиот глас ретко се слуша на телевизиските дебатни емисии
16. Медиумите со одговорност за филтрирање навреди или говор на омраза во коментарите под вестите
17. Бројни предизвици за самохраните мајки и еднородителските семејства
18. Текстилки се жалат на нехумани работни услови – секој трет во секторот има здравствен проблем
19. Транс лицата уште ќе чекаат за правно да им се признае родот во личната документација
20. Факова: Моќници реагираат дури и за поставени прашања – се вртат телефони и се притиска за нешто да не се објави

## МЕДИУМСКИ ФЕСТИВАЛ СКОПЈЕ 2022

Фокусот на минатогодишното издание на традиционалниот Медиумски фестивал Скопје кој се одржува веќе неколку години беше животната средина.

Шестото издание на фестивалот се одржа од 22 до 24 септември во Кинотека на Македонија како и онлајн. На него, се разгледуваа актуелните прашања што не’ опкружуваат, од климатската вонредна состојба која ги погодува сите на планетата,

до бетонизацијата на зелените површини во нашите градови, новинарството посветено на екологија и други важни „зелени“ теми.

Публиката ги проследи и проекциите на филмовите кои се фокусираат на животната средина и проблемите, како „Into the Ice“, „This stolen country of mine“, „Tigre gente“, „The territory“, „Storm lake“, „We the power“ и други. Филмовите беа достапни за гледање онлајн за целото времетраење на фестивалот преку платформата Cinesquare.

Исто така, публиката ги проследи и дискусиите посветени на важноста на новинарството посветено на животната средна, зелената површина и урбаниот развој, претставување на успешни еко приказни и слично. Дополнително, на фестивалот се зборуваше и за улогата на медиумското известување во контекст на климатското (не)делување. На ваквите теми зборуваа многубројни говорници меѓу кои и Сара Шурман, Нина Спрингер, Дарко Блинков, Југослава Дуковска, Роберт Томиќ Зубер, Силвија Јоњиќ и многу други.

Дополнително, фестивалот го одбележа и темата за правата на бегалците, мигрантите, лицата без државјанство и барателите на азил, со дискусија на која зборуваа искусните новинари Христина Ѓоргиевска, Сунаи Сабриоски и Кристина Озимец.

ПИНА и на ова фестивалско издание посвети дел на темите поврзани на опасностите во новинарската работна средина, односно вознемирувањето со кое се соочуваат новинарките во нашата земја.

Со ваквиот фокус, на фестивалот премиерно се прикажа и документарниот филм во продукција на ПИНА - „Опасна мрежа“. Документарецот како централна тема го има поставено онлајн вознемирувањето кое ги таргетира новинарките во земјата. Преку реални приказни, шест новинарки кои работат на нашата медиумска сцена говорат за различните видови на онлајн вознемирување со кое се соочиле поради нивната работа.




Медиумскиот фестивал Скопје е настан во организација на ПИНА – Платформата заистражувачко новинарство и анализи, кој минатата година се организираше во партнерство со Канцеларијата на Фридрих Еберт Скопје како и со поддршка на Цивил Рајтс Дефендерс, УНХЦР Скопје, и Мисијата на ОБСЕ.

# ПУБЛИКАЦИИ

## Од нормализација до самоцензура – анализа на онлајн вознемирувањето врз новинарките во Северна Македонија

ПИНА минатата година ја објави и својата прва анализа насловена „Од нормализација до самоцензура" која покажа дека огромен број новинарки во Македонија се соочиле со онлајн вознемирување.

Анализата која се реализира со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, се спроведе со анализа на домашни и меѓународни извештаи, правни анализи, истражувања, публкации, интервјуа со релевантни чинители од областа на новинарството, но и анкета која ја одговорија 103 новинарки.

Резултатите од прашалникот на ПИНА покажаа дека во Македонија дури 81,6% од новинарките се соочиле со онлајн вознемирување поради својата работа, а речиси половина (43,7%) вознемирувањето не го пријавиле никаде, додека најголем дел од останатите (32%) го пријавиле во својата редакција.

Според новинарките, мотивот за вознемирувањето најчесто бил поради објава на новинарски текстови насочени кон други центри на моќ (56.6%), во 43.4% од случаите поради објава на сопствени новинарски текстови за општествени случувања кои биле критички кон властите, во 36.1% поради објавени новинарски текстови за општествени

случувања кои биле критички насочени кон некоја партија.

Публикацијата беше промовирана на шестото издание на Медиумскиот филмски фестивал, придружена и со краткиот документарен филм „Опасна мрежи“ во кој се разгледуваат искуствата на неколку новинарки кои биле мета на различни видови онлајн вознемирувања.

Информациите од публикацијата се наведуваа како релевантни од бројни страни. Самата публикација предизвика реакција и од Европската федерација на новинари, од каде посочија дека се загрижени од резултатите, кои откриваат сериозни проблеми во заштитата и гонењето на онлајн вознемирувањето на новинарките во Македонија.




ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа Мисија во Скопје

ГИНА